Се овластува Одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

Член 24

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

За трошење на средствата од подставките во програма Совет на општина А0 одлучива Советот и тоа:

- тековна резерва, трансфери до здруженија на граѓани и фондации и трансфери до невладини организации,
- трансфери до спортски клубови и
- други исплати за кои одлучува Советот.

Градоначалникот може со Решение да одобри исплата на парични средства на расходните потставки од потпрограмите на буџетот на општината.

Член 25

Средствата утврдени во пооделни програми донесени од Советот на општината со кои се финансираат претпријатијата чиј основач е општината, за реализација на средствата одлучува Градоначалникот согласно одлука на Совет.

Член 26

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 27

Буџетот на Општината Јегуновце се извршува од 01.01.2026 до 31.12.2026 година.

Член 28

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„ а ќе се применува од 01 Јануари 2026 год.

Бр. 08-2747/5
29.12.2025 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Марија Рафајловска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр. 202/2024) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2026 година

Се прогласува Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2026 година, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.12.2025 год.

Бр. 09-2764/4
29.12.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 88, став 2, од Законот за административни службеници („Службен весник на Р.М.„ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 11/18 и „Сл.весник на РСМ„ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Советот на Општина Јегуновце на осмата седница одржана на ден 29.12.2025 год. донесе

О Д Л У К А

За утврдување на вредност на бодот за платите
на државните службеници за 2026 година

Член 1

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2026 година изнесува 81,6 денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен глсник„ на Општина Јегуновце, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2026 година.

Бр. 08-2747/6
29.12.2025 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Марија Рафајловска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр. 202/2024) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Правилникот за постапката, начинот и условите за давање на користење на училиштен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Јегуновце

Се прогласува Правилникот за постапката, начинот и условите за давање на користење на училиштен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.12.2025 год.

Бр. 09-2764/5
29.12.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ„ бр.202/24„) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Јегуновце („ Службен гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Советот на Општина Јегуновце на осмата седница, одржана на ден 29.12.2025 година го донесе, следниот

ПРАВИЛНИК

За постапката, начинот и условите за давање на користење на училиштен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Јегуновце

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се определува постапката, начинот и условите за давање на користење на училиштен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Јегуновце (во натамошниот текст: основни училишта), како и начинот на распределба на средствата остварени по тој основ.

Член 2

Под училиштен простор, во смисла на овој Правилник се подразбира:

1. Отворени спортски терени и дворно место кои се наоѓаат во состав на училиштето.
2. Просторија која е во функција на наставата:
   - фискултурна сала
   - кабинет
   - училница
   - работилница
   - спортско игралиште
3. Друга просторија што не е во функција на наставата
   - кујна
   - подрум
   - магацин
   - гаража
   - скривница
   - киоск
   - училиштен хол и други простории
4. Друг градежен објект изграден на имот и парцела на училиштето.
5. Кујната и трпезаријата се исклучок за издавање на овој Правилник само во случај на распишана јавна набавка за топол оброк и ужинка на основното училиште или пак групна јавна набавка за сите училишта на територија на Општина Јегуновце

Член 3

Основните училишта училишниот простор можат да го даваат под закуп, под услови и на начин утврдени со закон, овој Правилник и статутот на училиштето.

II. УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ПРОСТОР

Член 4

Училишниот простор може да се дава под закуп на правни и физички лица, за определен период, во определени временски термини (по час) или по квадратен метар.

Член 5

Училишниот простор може да се даде под закуп само доколку:

- просторот во времетраењето на терминот на издавањето, не е во функција на воспитно - образовниот процес или издавањето не ја попречува функцијата, текот и квалитетот на воспитно - образовниот процес,
- употребата на просторот нема да влијае на безбедноста на учениците, како и на лицата што ќе го користат закупениот простор,
- намената, заради која се издава просторот, не доведува до негово оштетување.

Член 6

Училишниот простор се дава под закуп со јавно наддавање, врз основа на Одлука на Училишниот Одбор.

Одлуката од став (1) на овој член содржи особено:

- дефинирање, односно прецизно определување на просторот што ќе се дава под закуп,
- намената за која просторот ќе се дава,
- моменталната состојба на училишниот простор,
- времетаењето и начинот на издавање (по час - термински или по м2),
- констатација дека употребата на просторот нема да влијае на безбедноста на учениците и на квалитетот на воспитно - образовниот процес,
- рамка за висината на закупнината,
- рок за плаќање на месечниот надоместок,
- други прашања во врска со издавањето.

Одлуката од став 1 на овој член, пред нејзиното огласување подлежи на согласност од Градоначалникот на Општина Јегуновце.

Член 7

Постапката по јавниот оглас за избор на најповолна понуда ја спроведува Комисија формирана од Училишниот одбор, согласно позитивните законски прописи, која ќе биде составена од претседател и две члена, кои се од редот на вработените во основното училиште.

Во текот на постапката Комисијата ги врши следните работи:

- распишува оглас за издавање училиштен простор под закуп, во еден дневен весник со времетраење од 5 работни дена и на официјалнаата WEB страна на општина Јегуновце,
- ги утврдува условите за издавање училиштен простор под закуп, согласно со одредбите од овој Правилник,
- донесува Одлука за утврдување најповолен понудувач, и
- врши други работи со согласност со овој Правилник.

Градоначалникот на Општина Јегуновце формира второстепена комисија за одлучување по приговори на одлуките на комисијата од став 1 на овој член.

Второстепената комисија е составена од три члена од редот на вработените во Општина Јегуновце распоредени на работи и работни задачи за образование, спорт, култура и заштита, а доколку нема доволно вработено и распоредено на тие работи и работни задачи, за членови на второстепената комисија може да се именуваат и други лица од редот на вработените во

Општина Јегуновце од одделението за првни работи, општи работи и јавни дејности.

Против одлуката, незадоволниот учесник на огласот може да изјави приговор до второстепената Комисија за одлучување по приговори на Комисијата од став 1 на овој член за издавање под закуп на училиштен простор на основното училиште.

Незадоволниот учесник на огласот приговорот од од став 1 на овој член може да го изјави во рок од 8 (осум) дена од денот на доставувањето на известувањето и Одлуката за избор на најповолен понудувач.

Приговорот во писмена форма се доставува преку Комисијата што ја водела првостепената постапка до второстепената комисија за одлучување по приговори, од став 1 на овој член за издавање под закуп на училиштен простор на основното училиште.

Приговорот го задржува извршувањето на Одлуката за избор на најповолен понудувач за издавање под закуп на училиштен простор на основното училиште.

Второстепената Комисија е должна да донесе Одлука во рок од 8 (осум) дена од денот на доставување на приговорот.

Против Одлуката на второстепената Комисија за издавање под закуп на просторот определен, незадоволниот учесник може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Член 8

Јавниот оглас за издавање под закуп на просторот на овој Правилник, треба да ги содржи следните елементи:

1. Број на огласот,
2. Основното училиште кое го распишува огласот,
3. Местоположбата на просторот што се издава под закуп,
4. Површината на просторот,
5. Вид на предметниот простор (опис на основни карактеристики),
6. Начин на плаќање на закупнината,
7. Минималната висина на закупнината,
8. Времетраење на закупот,
9. Напомена дека просторот се издава во видена состојба,
10. Рок на траење на огласот,
11. Начин на јавување на огласот (согласно член 6 од овој Правилник) ,
12. Критериум за избор на најповолен понудувач-највисока понудена закупнина,
13. Гаранции за редовно плаќање на закупнината,
14. Напомена дека понудувачот со понудата треба да ги достави следните документи од член 10 став 5 став од овој Правилник,
15. Напомена дека документите од точка 14 од овој член не смеат да бидат постари од 6 месеци, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од понудувачот,
16. Напомена дека нема да биде разгледувана понудата на понудувачот, физичко лице, правно лице и основач на правно лице, за кој ќе утврди дека по било кој основ има неплатени обврски спрема основното училиште и спрема општина Јегуновце,
17. Напомена дека сите потребни одобренија за вршење на дејноста ги обезбедува закупецот,
18. Други неопходни информации за понудувачите.

Понудувачот кој е избран за најповолен е должен во рок од 8 дена по известувањето за конечноста на Одлуката за издавање под закуп на училиштен

простор или друг административен простор на основното училиште да склучи Договор за закуп на просторот и да го завери Договорот за закуп на нотар на свој трошок.

Пред склучување на Договорот за закуп да достави Изјава за обезбедување на гаранција (висина за две месечни закупнини)

Член 9

За просторот или за терминот на давањето на просторот, предмет на закупот, училиптето и закупецот склучуваат писмен договор со кој се утврдуваат меѓусебните права, обврски и одговорности што произлегуваат од предметот на договорот.

Договор за закуп особено содржи:

- датум и место на склучување ,
- страни на договорот,
- податоци за договрните страни,
- предмет на договорот,
- намената за која се дава просторот во закуп,
- времетраење на закупот,
- цена (по м2 или по час без ДДВ) и начин на плаќање,
- обврски на закупецот согласно намената на просторот,
- обезбедување на побарувањата од договорот,
- услови за раскинување на договорот, и
- други прашања од значење за реализацијата на договорот, согласно одредбите од Законот за облигационите односи.

Член 10

Доставувањето на пондите се врши преку пошта или со доставување во архивата на основното училиште.

Понудата, како и целата кореспонденција поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на Македонски јазик со корстење на на неговото кирилско писмо. Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик, под услов да се придружени со точен превод на Македонски јазик. Понудите до нивното комисиско отворање се чуваат во архивата. Пристигнатите понуди се отвораат со и без присуство на понудувачите, а ненавремените понуди Комисијата ќе ги отфрли.

Комисијата работи на седници и за текот на седницата се води записник.

Понудата и другата документација се доставуваат во затворен плик со ознака „НЕ ОТВОРАЈ„ и со назнака „за оглас за издавање под закуп на училиштен простор или друг административно-деловен простор на основното училиште и бројот на огласот„.

Понудата се доставува во еден оригинален примерок, кој треба да биде заврен и потпишан од одговорното лице на понудувачот.

Кон понудата се доставува:

- Доказ за идентитет,
- За физички лица: лична карта или патна исправа,
- За физички лица (адвокати, нотари, лекари и други): лична карта или патна исправа,
- Потврда од соодветен регистар,
- Потврда од регистрирана дејност,
- За правни лица (трговски друштва, здруженија на граѓани, трговец-поединец) ДРД образец - Документ за регистрирана дејност од Централен регистар на РСМ,
- ЗП образец за заверен потпис на овластено лице,
- Изјава за гаранција пред склучување на Договорот за закуп,

- Изјава заверена на нотар дека за време на користење на просториите за спортски активности, ќе обезбеди безбедно изведување на активностите под стручен надзор, а за евентуалните последици по здравјето и безбедноста на присутните корисници (повреда/смрт) ќе ја преземе целосно одговорноста за настаната последица,

- Адреса, контакт телефон и е-маил адреса, и

- Понуда со понудена цена за понудена закупнина.

Критериум за избор на најповолен понудувач е највисоката понудена закупнина, од бонитетен понудувач.

III. НАМЕНА НА ПРОСТОРОТ

Член 11

Училишниот простор може да се дава за следната намена:

- настава,
- спорт и рекреација,
- културни и други манифестации,
- трговија, угостителски услуги, топол оброк, производство и поставување на вендинг - машини (под услов да не пречи на наставата и да се исполнети законските услови за вршење на тие дејности и за заштита на животната средина).

Директорот на основното училиште од подрајчето на Општина Јегуновце е должен да овозможи услови, за припрема и послужување на топлиот оброк за учениците од соодветното основно училиште, согласно Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно образование, донесен од Министерство за образование и наука.

Член 12

За користење на училишниот простор за намените од член 11, закупецот е должен на своја сметка да ги обезбеди сите потребни согласности и дозволи од страна на надлежни органи.

Основното училиште ќе води сметка за намените од став 1 на овој член да не ја попречува наставата и да не ја загрозува непосредната околина, како и да внимава да бидат исполнети сите законски услови од областа на заштитата на животната средина.

Висината на закупнината за користење на училишните кујни ќе се определува поединечно за секоја кујна, во зависност од големината и од опременоста на просторот, а во согласност претходно направена процена од овластен проценител. Трошоците за извршените процени на кујните се на товар на училиштата.

Член 13

Доколку училишниот простор се дава со опрема и инвентар што не може физички да се издвои или истите се во фунција на намената за која просторот се издава (настава, спорт и рекреација, културни и други манифестации, подготовка на топол оброк и друго), училиштето и корисникот на просторот при примопредавање потребно е да изготват записник за фактичката состојба на просторот.

Корисникот е должен совесно да го користи просторот што му е даден на користење и да го врати во состојбата во која го примил пред започнување на користење (и опремата и инвентарот), а за евентуално предизвикана штета треба да ја надомести штетата за што е должен претходно навремено да го извести закуподавецот.

Член 14

Основните училишта по претходно доставено барање од страна на училишниот спортски клуб (основан во рамките на основното училиште) им обезбедуваат 4 (четири) бесплатни термини во една недела за учениците од основното училиште.

Претходно, пред почетокот на училишната година, училишниот спортски клуб до училишните одбори на основните училишта доставува годишна програма за реализација на активности, во која програма ќе бидат образложени активностите.

По завршување на училишната година, училишниот спортски клуб доставува Извештај до училишните одбори на основните училишта за реализираните активности во делот на бесплатните термини.

IV. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ПРОСТОР

Член 15

Висината на закупнината се утврдува во евра по м2 или за времетраење од 1 час, во денарска противвредност сметано по среден курс на НБРСМ на денот на склучување на договорот.

Закупнината од став 1 се утврдува согласно микролокацијата на објектот и други параметри за висината на закупнината согласно условите на пазарот на недвижности, а врз основа на претходно изготвена проценка од овластен проценител, која основното училиште е должно да ја обезбеди пред објавување на јавниот повик за давање на користење на училишниот простор.

Член 16

По поднесено барање до Советот на Општина Јегуновце за издавање на просторот за потребите на други правни субјекти кои се основани од страна на Општина Јегуновце, како и за потребите на најранливи социјални категори на деца и деца во социјален ризик што се ученици во основните училишта на територија на Општина Јегуновце или други потреби за овие категории лица, Советот на Општина Јегуновце може да донесе Одлука закупот на просторот во основното училиште да го издаде без надоместок.

За потребите од ставот 1 на овој член потребно е поднесителот претходно да го образложи барањето, а лицето/та распоредени на работи и работни задачи од областа на јавните дејности, образованието, спортот, културата и заштитата во Општина Јегуновце, по претходно обезбедно известување од основното училиште за расположливи капацитети, да даде писмено произнесување за таквата потреба во рок од 8 дена од приемот на барањето.

Врз основа на донесената Одлука на Советот на Општина Јегуновце, за користење на просторот без надоместок, Училишниот одбор ќе донесе одлука за начинот на реализација на Одлуката на Советот на Општина Јегуновце.

V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА КОРИСТЕЊЕТО НА УЧИЛИШНИОТ ПРОСТОР

Член 17

Договорот за закуп се склучува за време до 12 месеци.

По исклучок од став (1) на овој член доколку користењето на просторот е поврзано со вложувања од страна на закупецот, договорот за закуп може да се склучи и за подолг период, но не повеќе од 5 години, и тоа.

За вложувања во износ од (во денарска противвредност)	Времетраење на договорот :
3.000 €	2 години
5.000 €	3 години
10.000 €	4 години
Над 10.000 €	5 години

Вредноста на вложувањето треба да биде во функиција на просторот кој се изнајмува, а се докажува со доставена фактура.

Начинот на вложување ќе се уреди и прецизира со договорот за закуп.

VI. НАМЕНА НА ОСТВАРЕНИОТ НАДОМЕСТОК

Член 18

Средствата остварени по основ на закуп се користат наменски и се распределуваат за следнтата намена:

- подобрување на условите за воспитно-образовната дејност на училиштата,
- финансирање на проекти за унапредување и модернизација на образовниот процес на училиштата, набавка на училиштен материјал и опрема,
- тековно или инвестиционо одржување и надоместување на трошоците за електрична енергија парно греење, телефон, интернет и др., и
- други оперативни расходи

VII. НАДЗОР

Член 19

Надзор над спроведувањето на овој Правилник го врши Комисија составена од три (3) члена и тоа еден (1) член од Членовите на Советот на Општина Јеуновце и два (2) члена од вработените во Општина Јегуновце од Одделението за правни работи, општи работи и јавни дејности во Општина Јегуновце.

VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Основните училишта ќе го применуваат овој Правилник по негово усвојување од страна на Училишните одбори во рок од 10 (десет) дена од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„ откако ќе престане важноста на претходните Правилници донесени од Училишните одбори.

Бр. 08-2747/7
29.12.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Марија Рафајловска ,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр. 202/2024) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за давање на согласност на Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце

Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.12.2025 год.

Бр. 09-2764/6
29.12.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.„ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ.„ бр.202/24), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општината Јегуновце („Службен гласник на Општината Јегуновце„ бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на осмата седница одржана на ден 29.12.2025 год. донесе

О Д Л У К А

За давање на согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце

Член 1

Советот на Општина Јегуновце дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце бр.01-834/3 донесен од Управниот одбор на ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА Јегуновце на ден 18.12.2025 год.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен глсник„ на Општина Јегуновце.

Бр. 08-2747/8
29.12.2025 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Марија Рафајловска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр. 202/2024) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Јегуновце и Општина Брвеница

Се прогласува Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Јегуновце и Општина Брвеница, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.12.2025 год.

Бр. 09-2764/7
29.12.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 4 став 3 и член 7 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РМ„ бр.79/09), член 14 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Република Македонија„ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ 202/24), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце, Советот на Општина Јегуновце на осмата седница одржана на ден 29.12.2025 год. донесе,

О Д Л У К А
за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Јегуновце и Општина Брвеница

Член 1

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Јегуновце и Општина Брвеница.

Член 2

Меѓуопштинска соработка од член 1 на оваа одлука ќе се остварува преку вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини во областа на заштита на животната средина, (Б-интегрирана еколошка дозвола,одобрување елаборати за животната средина), инспекција за заштита на животната средина.

Член 3

За остварување на меѓуопштинската соработка ќе се склучи договор помеѓу двете општини претставувани од градоначалниците за вршење на определени работи од страна на една општина за друга општина, во смисла на одредбите од член 9 став 2 алинеа 2 и член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РМ„ бр.79/09).

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

Бр. 08-2747/9
29.12.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Марија Рафајловска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр. 202/2024) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на Планот и програми за развој на Буџетот на Општина Јегуновце за 2026 год.

Се прогласува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на Планот и програми за развој на Буџетот на Општина Јегуновце за 2026 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.12.2025 год.

Бр. 09-2764/8
29.12.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.„ бр.5/2002 и Сл.весник на РСМ „бр.202/24), член 21-б од Законот за буџетите („Службен весник на Р.М.„ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и Службен весник на РСМ„ бр.151/21, 87/22 и 3/25) член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општината Јегуновце („Службен гласник на Општината Јегуновце„ бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на осмата седница одржана на ден 29.12.2025 год., донесе

О Д Л У К А
За изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на Планот и програми за развој на Буџетот на Општина Јегуновце за 2026 година

Член 1

Се одобрува измените и дополнувањата на Одлуката за одобрување на Планот и програми за развој на Буџетот на Општина Јегуновце за 2026 година, бр.08-2374/6 од 07.11.2025(Сл.гласник на општина Јегуновце бр.3/25).

Член 2

Изменувањата и дополнувањата во планот од член 1 се однесуваат поради промена во динамиката на финансирање на долунаведените програми.

Програма JD- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИША И УЛИЦИ

- Потпрограма JDF- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИША И УЛИЦИ ЈАНЧИШТЕ 2
- Потпрограма JDH- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИША И УЛИЦИ КОПАНЦЕ
- Потпрограма JDG- ЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИША И УЛИЦИ РАОТИНЦЕ
- Потпрограма JDI- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИША И УЛИЦИ РАТАЕ
- Потпрограма JDT- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИША И УЛИЦИ БЕЛОВИШТЕ
- Потпрограма JDS- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИША И УЛИЦИ ЈЕГУНОВЦЕ
- Потпрограма JDP- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИША И УЛИЦИ РОГАЧЕВО
- Потпрограма JDR- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИША И УЛИЦИ РОГАЧЕВО2
- Потпрограма JDQ- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИША И УЛИЦИ СИРИЧИНО
- Потпрограма JDK- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИША И УЛИЦИ ВРАТНИЦА
- Потпрограма JDL- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИША И УЛИЦИ ЖИЛЧЕ2

- Потпрограма JDM- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИША И УЛИЦИ ОРАШЈЕ
- Потпрограма JDN- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИША И УЛИЦИ ТУДЕНЦЕ
- Потпрограма JDJ- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИША И УЛИЦИ ШЕМШОВО

Програма J I- ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

- Потпрограма J I K- ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА РАТАЕ

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е Планот и програми за развој на Буџетот на Општина Јегуновце за 2026 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен глсник„ на Општина Јегуновце.

Бр.08-2747/10
29.12.2025 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Марија Рафајловска,с.р.

С О Д Р Ж И Н А

страна

Решение за прогласување на Буџетот на Општина Јегуновце
за 2026 година.....1
Буџетот на Општина Јегуновце за 2026 година.....2

Решение за прогласување на Одлуката за усвојување на Буџетот
на Општина Јегуновце за 2026 година.....40
Одлуката за усвојување на Буџетот на Општина Јегуновце
за 2026 година.....41

Решение за прогласување на Одлуката за извршување на Буџетот на
Општина Јегуновце за 2026 година.....42
Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце
за 2026 година.....43

Решение за прогласување на Одлука за утврдување на вредноста на
бодот за платите на државните службеници за 2026 година.....50
Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на
државните службеници за 2026 година.....51

Решение за прогласување на Правилникот за постапката, начинот и
условите за давање на користење на училиштен простор и спроведување
на други активности во врска со основните училишта на
Општина Јегуновце.....52
Правилникот за постапката, начинот и условите за давање на користење
на училиштен простор и спроведување на други активности во врска со
основните училишта на Општина Јегуновце.....53

Решение за прогласување на Одлуката за давање на согласност на
Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за
систематизација на работните места во ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА Општина
Јегуновце, Јегуновце.....60
Одлуката за давање на согласност на Правилникот за изменување и
дополнување на правилникот за систематизација на работните места во
ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА Општина Јегуновце, Јегуновце.....61

Решение за прогласување на Одлуката за воспоставување на
меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Јегуновце и
Општина Брвеница.....62
Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу
Општина Јегуновце и Општина Брвеница.....63

Решение за прогласување на Одлуката за изменување и дополнување
на Одлуката за одобрување на Планот и програми за развој на Буџетот
на Општина Јегуновце за 2026 год.....64
Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на
Планот и програми за развој на Буџетот на Општина Јегуновце за 2026 год.....65